Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика
Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број 04-4113/2
Скопје, 15.09.2023 година

# ЗАПИСНИК

## За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор ("Сл.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ" бр.238/19), на ден 15.09.2023 година, со почеток во 11:00 часот, во службените простории на ДИТ-Скопје, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од Директорот на Државен инспекторат за труд со архивски број 04-4113 од 07.09.2023 година, се спроведен практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:

1. Ментор на кандидатот – Светлана Ѓорѓиоска
2. Бурхан Муќа – Советник инспектор
3. Сашка Штерјоска Стојаноска – Виш инспектор
4. Игор Вељаноски – претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Марјан Мандаровски, кандидат за Помлад инспектор во Државен инспекторат за труд, на кого е дадена симулација на редовен инспекциски надзор согласно Законот за безбедност и здравје при работа.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидатот за Помлад инспектор Марјан Мандаровски изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.


Државен инспекторат за труд
Ул. „Партизански одреди"
бр.48 А, Скопје

Inspektorati shtetëror i punës
Rr. „Partizanski odredi"nr.48-A, Shkup

+389 2 3116110
www.dit.gov.mk

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Марјан Мандаровски , Комисијата ги утврди освоените бодови, и тоа:

- Планирање и подготовска на инспекциски надзаор - 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 28 бодови
- Затворање на инспекциски надзор - 28 бодови
- Документирање на инспекциски насдзор- 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Марјан Мандаровски освои вкупно 86 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во врме:

- Почеток во 11:00 часот на ден 15.09.2023 година
- Завршување во 12:30 на ден 15.09.2023 година

Комисија за полагање на
практичен дел од испитот

1. Светлана Ѓорѓиоска ________
2.Бурхан Муќа ________
3.Сашка Штерјоска Стојаноска ________
4.Игор Вељаноски ________

Република Северна Македонија Министерство за труд и социјална политика Државен инспекторат за труд Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Punës dhe Politikës Sociale Inspektorati shtetëror i punës Shkup
II


Државен инспекторат за труд
Ул. „Партизански одреди“
бр.48 А, Скопје

Inspektorati shtetëror i punës
Rr. „Partizanski odredi“nr.48-A, Shkup

+389 2 3116110
www.dit.gov.mk